ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Бр.**18-490/1**
26.01.2022г

**До:**
Агенција за заштита на правото за слободен пристап
до информации од јавен карактер
**Бул. Гоце Делчев бр 18, зграда на МРТВ,14 кат**
**1000 Скопје**

**Предмет**: Годишен извештај за 2021 година за спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје ви го доставува Годишниот извештај за 2021 година за спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со почит,

**Службено лице за информации од јавен карактер:**

Мирче Котевски

**Генерален директор**

М-р Васко Ковачевски

тел.:+389 (0)2 31 49 278, факс: +389 (0)2 31 49 176; www.esm.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019) за имателот на информации АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со скратен назив АД ЕСМ – Скопје, со седиште на ул. „11 октомври" бр.9, 1000, Скопје, тел, 02/3149-102, факс: 02/3149-492, email: contact@elem.com.mk, Мирче Котевски, овластено службено лице за информации од јавен карактер во АД ЕСМ го подготви следниот:

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
(од 1.01.2021 до 31.12.2021 година)

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај мателите на информации;

Мирче Котевски, mirce.kotevski@elem.com.mk, тел. 02/3149-102, 071/306090

2. Број на примени барања;
Во предметниот период се примени десет (10) Барања за пристап до информации од јавен карактер.

3. Број на позитивно одговорени барања;
За седум (7) Барања се донесени Решенија за позитивен одговор и на сите е одговорено позитивно.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;
За 2(две) Барање се донесени Решенија за делумно одбивање на пристапот во однос на бараната информација, додека за 1(едно) Барање е донесено Решение за целосно одбивање на Барањето.

4.1.До АД ЕСМ на 30.03.2021 по поштенски пат е пристигнато Барање за пристап до информации од Трговско друштво за проектирање, инжењеринг и производство „Ина Енерго Систем-Стефан" ДООЕЛ кое до АД ЕСМ е испратено преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, по основ на доставување надлежност за постапување.
Предмет на барањето е, цитираме:
1. Одлука/одобрение или препорака донесена најверојатно во месец ноември-декември 2017 година на Владата на Република Северна Македонија која во својство на сопственик на имотот, одлучила да даде согласнот/одобрување или да препорача АД ЕСМ да ја купи когенеративната гасна централа КОГЕЛ Скопје. 2. Изворниот доказ Барање/Информација или во друга форма составен и доставен акт од страна на АД ЕЛЕМ, сега АД ЕСМ до Владата на Република Северна Македонија, врз основа на кој е донесено одобрението/одлуката/препораката од точка 1.

АД ЕСМ Скопје по разгледувањето на препратеното барање на информации од јавен карактер донесе Решение за делумно одбивање на барањето затоа што создавач на информацијата која се бара под точка 1 е Владата на Република Северна Македонија и која информација како што впрочем е и наведено во дописот до Генералниот секретаријат била разгледувана на затворена седница, поради што сметаме дека за Барањето под точка 1 АД ЕСМ не може да се смета како имател на информацијата во смисла на член 3 ал. 1 и 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. За разлика од барањето под точка 1, Информацијата која се бара под точка 2 потекнува од АД ЕСМ и по разгледувањето на истата се одлучи позитивно да се одговори на барањето со доставување Меморандум, информација за јавна усна продажба на подвижни предмети и недвижности згради во индустрија и рударство (деловно произведен објект-когенеративна гасна централа м.в. круг фабрика Железарница) сопственост на заложен должник, друштво за производство и трговија на топлинска и електрична енергија „Когел стил" ДОО Скопје, со што сметаме дека во целост е одговорено на вториот дел од барањето.

4.2. До АД ЕСМ на 04.08.2021 година, поднесено е Барање за слободен пристап до информации од Билјана Николовска, кое се однесува на добивање на следните информации:

1. Статут на АД ЕСМ;
2. Колективен договор на АД ЕСМ со евентуални измени и дополнувања;
3. Правилник за внатрешна организација на АД ЕСМ;
4. Одлука за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост Скопје, за периодот 2010-2021.

Со Решение ДЕЛУМНО СЕ ОДБИВА баарањето, со оглед дека за три информации од Барањето наведни под точка 1, 2 и 3 се дава позитивен одговор, а за информацијата под точка 4 се дава негативен одговор. Се утврди дека бараната информација, под точка1, 2 и 3 е информација од јавен карактер, а бараната информација под точка 4 од Барањето е информација од членот 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имајќи го предвид резултатот од спроведениот тест за штетност.

4.3.Во однос на Барањето за кое е донесено Решение за целосно одбивање, Здружението на граѓани за заштита на државниот имот „Праведни и професионални" на 31.12.2020 поднеле Барање до АД ЕСМ во кое е наведено, цитираме: „Добивање листа на податоци за сите објекти и земјишта кои се со право на користење на АД ЕСМ Скопје, број на имотен лист, површина, правен акт врз основа на кој се користи објектот и забелешка доколку објектот е напуштен, руиниран или не се користи".
Согласно член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер , се утврдува дека бараната информација е информација од членот 6 став 1 и став 3 од истиот закон имајќи го во предвид резултатот од спроведениот тест за штетност.

5. Број на неодговорени барања
Нема неодговорени барања.

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);
Нема.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;
Нема.

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата
Нема.

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и
Нема.

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.
Нема.

НАПОМЕНА: Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

УКАЖУВАЊЕ: Согласно Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство и заложбата „Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб страниците на институциите", во Прилог на Годишниот извештај, службените лица кај имателите на информации од јавен карактер треба да ги внесат линковите до 22-те категории на документи содржани во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Ова Укажување се однесува на имателите на информации од јавен карактер кои имаат веб страници

**1.** податоците од неговите надлежности кои ги извршува, односно му се утврдени со закон, https://www.esm.com.mk/?page_id=295

**2.** основните податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса, телефонски број, број на факс, е-маил адреса и адресата на интернет страницата, https://www.esm.com.mk/?page_id=2605

**3.** податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата (биографија, податоци за контакт и друго), https://www.esm.com.mk/wp-content/uploads/2019/07/Vasko-Kovacevski-CV-1.pdf

**4.** основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со

информации и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број, https://www.esm.com.mk/?page_id=11470

**5.** основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број, https://www.esm.com.mk/?page_id=2605

**6.** список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција, службен емаил и службен телефон, https://www.esm.com.mk/?page_id=315

**7.** законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило,
(Закони) https://www.esm.com.mk/?page_id=2569
(Лиценци) https://www.esm.com.mk/?page_id=2584

**8.** прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон, https://www.esm.com.mk/?page_id=2596
https://www.esm.com.mk/wp-content/uploads/2022/01/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B5%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8-%D0%B8-%D1%81%D0%BE%D0%BC%D0%BD%D0%B5%D0%B6%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%BC%D0%B0%D0%BC%D0%B8-%D0%B8%D0%BB%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%90%D0%94-%D0%95%D0%A1%D0%9C-%D0%A1%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5.pdf

**9.** органограм за внатрешна организација, https://www.esm.com.mk/?page_id=312
https://www.esm.com.mk/?page_id=315

**10.** стратешки планови и стратегии за работа на имателите на информации,
https://www.esm.com.mk/?p=11409
https://www.esm.com.mk/wp-content/uploads/2022/01/Kapitalni-Proekti_ESM.pdf

**11.** годишни планови и програми за работа https://www.esm.com.mk/?page_id=8544
https://www.esm.com.mk/?p=13164

**12.** годишен Буџет и завршна сметка, https://www.esm.com.mk/?page_id=530

**13.** годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот https://www.esm.com.mk/?page_id=8544

**14.** ревизорски извештај

**15.** видови услуги кои ги даваат имателите на информации (информации за физичката достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за остварување на секоја од услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни податоци),https://www.esm.com.mk/?page_id=295
https://www.esm.com.mk/?page_id=2605

**16.** тарифници за надоместоци за издавање на реални акти
https://www.esm.com.mk/?page_id=2596

**17.** начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат), https://www.esm.com.mk/?page_id=11470

**18.** целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство https://www.esm.com.mk/?page_id=11473
https://www.esm.com.mk/?page_id=8544

**19.** предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на имателот на информации соопштенија до јавноста за работи преземени од нивната интернет страница во согласност со законските надлежности, информативни билтени, службени гласила ако се обврска согласно закон и друго, https://www.esm.com.mk/?page_id=530;
https://www.esm.com.mk/?cat=4; https://www.esm.com.mk/?page_id=546

**20.** извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор, https://www.esm.com.mk/?page_id=530,
https://www.esm.com.mk/wp-content/uploads/2021/03/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-%D0%9A%D0%9E%D0%9C%D0%A1%D0%9F%D0%98-2020.pdf

**21.** статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации https://www.esm.com.mk/?page_id=530

**22.** други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата. https://www.esm.com.mk/?page_id=444

Скопје, 26.1.2022

ПОДГОТВИЛ:
СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ЗА ИНФОРМАЦИИ
ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО АД ЕСМ
Мирче Котевски

Одобриле:
Јасминка Аневска
Маргита Караџа

ИМАТЕЛ НА ИНФОРМАЦИИ
АД ЕСМ-Скопје
ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР:
М-р Васко Ковачевски

КО:
-Архива